Лекција 16

# ХРИСТИЈАНСКИ СЛЕДБЕНИЦИ (2)

Вистинскиот Христијанин му е во потполност верен на Господ Исус Христос. Исус мора да дојде на прво место пред сите нешта: во нашите мисли, нашиот говор и нашето однесување, и покрај тоа што ова може да биде тешко за новобаптизиран следбеник, чиј живот до тогаш бил главно насочен кон своите желби и амбиции.

Сите видови на размислувања и идеи постојано надоаѓаат во нашите мисли, а Христијанинот мора да научи да ги отфрли оние кои не му милуваат на Бог. Дури и мислите поврзани со обични работи на секојдневниот живот, со фамилијата, соседите, со работата и со одморот и опуштањето, можат да бидат наведувани според заповедите од Христос.

Мислите водат кон зборови и кон акции. Првиот чекор во контролирањето на нашите зборови и делувања е да ги контролираме нашите мисли, и ова е тоа кое што Исус го бара од нас. Ние мора да пробаме да ги контролираме нашите мисли:

*". . . ја заробуваме секоја мисла за да ја направиме послушна на Христос."* (2 Коринтјаните 10:5)

## Да се сака Бог и ближниот

Еврејски познавач на законот дошол кај Исус и Го прашал која е најголемата заповед. Тој одговорил:

*"Сакај го Господ тојот Бог со сето свое срце и со сета своја душа и со сиот свој ум . . . Сакај го својот ближен како себе си."* (Матеј 22:37-39).

Му возвраќаме на Бог заради љубовта која Тој ја покажал кон нас преку Својот Син Исус Христос и во прекрасната порака за надеж што ја гледаме во евангелието. Започнуваме да ги правиме нештата бидејќи сакаме да му угодуваме на Бог, и нашиот целосен карактер започнува да се менува. Сакаме да живееме живот кој ќе му биде угоден на нашиот Небесен Татко. Ние исто така ќе пробаме да се однесуваме кон другите луѓе како што би сакале ние тие да се однесуваат кон нас.

Апостолот Петар не воздигнува сите нас:

*"Најпосле, сите вие, живејте во хармонија еден со друг; бидете жалозливи, сакајте се како браќа, бидете сочувствителни и понизни. Не враќајте зло за зло или навреда со навреда, туку со благослов, затоа што за ова бевте повикани така за да можете да наследите благослов. Затоа, ´Секој еден што го сака животот и сака да види убави денови мора да го скроти својот јазик и своите усни да не изговараат лажливи зборови.Тој мора да се одврати од зло и да прави добро; тој мора да бара мир и да го следи.´"* (1 Петар 3:8-11)

## Влијанието на нашите зборови и дела

Говорот е многу моќен. Тоа што го кажуваме, начинот на кој што го кажуваме, и тонот на нашиот глас можат да направат голема разлика. Следбениците од Господ Исус не слушаат и не охрабруваат непристојно зборување за нивните пријатели, соседи или колеги; тие секогаш настојуваат внимателно и цврсто да спречат такво однесување кај другите. Токму како што солта спречува храната да го изгуби убавиот вкус, така добрите, пристојните, полни со чувство зборови за нашите пријатели ќе ги направат пријатни нивните животи и ќе им помогнат да останат на вистинскиот пат. Ова е тоа на кое што Исус мислел кога Им рекол на Своите ученици / следбеници:

*"Вие сте солта на земјава. Но ако солта го изгуби својот солинитет, како ќе може повторно да биде солена.?"* (Матеј 5:13)

*"Нека вашето зборување биде секогаш полно со милост и добрина, зачинето со сол . . ."* (Колосјаните 4:6)

Следбеникот треба да носи добрина каде и да оди и што и да вели или прави. Тој не се лути кога не се прифаќа неговото мислење; всушност, секоја форма на неконтролирано однесување е погрешна - на пример, пијанство. Ваквото однесување носи срам за името на Исус, името кое го носиме.

## Да се биде задоволен со тоа што се има

Вистинскиот Христијанин не им е љубоморен или завидлив на другите луѓе. Зависта може многу лесно да се роди во нашите срца така што можеме да постанеме нервозни, кога ќе ги видиме другите како уживаат во тоа што ние не можеме да го имаме, посебно кога мислиме дека тие тоа не го заслужуваат.

*"Затоа каде што има завист и себични амбиции, таму ќе најдете несреденост и секое зло делување."* (Јаков 3:16)

Библијата нé предупредува против завист. Да се посакува да се има нешто кое му припаѓа на некој друг може да нé направи многу несреќни.

*"Зачувајте ги вашите животи слободни и не посакувајте пари и бидете задоволни со тоа што го имате."* (Евреите 13:5)

Тоа што на почеток може да биде занемарлива размисла во врска со нешто многу привлечно кое му припаѓа на некој друг може да расте и прерасне и на крај ве обземе во потполност! Затоа, во Десетте Зповеди во Законот на Мојсеј Бог му зборува на Израел во врска со "посакувањето":

*"Вие нема да посакувате . . . ништо што му припаѓа на вашиот ближен."* (Исход 20:17)

Нештата кои му припаѓаат на нашиот ближен се нештата кои нѝсе постојано пред очи и на дофат. Нашиот ближен нѝ верува, и ние не треба никогаш да помислуваме да ги земеме тие нешта кои не нѝприпаѓаат на нас - дури ни да ги земеме и потоа да "заборавиме" да ги вратиме!

## Чесност

Кога сме во некоја тешка ситуација, можеме да бидеме искушувани за да направиме нешто нелегално и нечесно за кое мислиме дека може да ни́ помогне. На ова искушение мора да му дадеме отпор. Христијанинот мора секогаш да биде во потполност чесен, и да делува на исправен начин; и тој мора да им биде послушен на законите од државата, се додека не се во спротивност со повисоките закони од Бог. Може да биде тешко да се делува на овој начин, ако живееме во корумпирана заедница, со "расипана и перверзна генерација, во која вие светите како ѕвезди . . ." (Филипјаните 2:15); но ова мора да биде нашата цел. Запаметете, Христијаните треба секогаш да пробуваат да му удоволуваат на Бог, кој ни́ нуди вечен живот преку Неговиот Син Исус Христос. Мора да ги живееме нашите животи во светлината на таа надеж.

Секој вид на лошо однесување ќе расте ако ние го дозволиме тоа и не се поправиме. Тоа може да биде таква штета за нашиот живот во Христос да постанеме тип на луѓе кои Бог нема да ги сака во Своето Царство, и ќе се најдеме себе си отфрлени. Ние мора постојано да пробуваме да го избираме вистинскиот пат, да правиме добро во нашите животи, и да внимаваме нашите карактери да се менуваат во текот на денот станувајќи послични со Христос нашиот Господ.

*"Плодот на Духот е љубов, радост, мир, стрпливост, љубезност, добрина, верност, нежност и самоконтрола."* (Галатјнаите 5:22)

## Прашања

16.1 Зошто е важно да ги контролираме нашите мисли?

16.2 Како треба надежта за вечен живот во Царството од Бог да влијае на начинот на кој ние живееме?